**20182033673**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 128 став 1 алинеја 1 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија" бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18), министерот за внатрешни работи, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ПОЛИЦИСКИТЕ РАБОТИ

Член 1

Во Правилникот за начинот на вршење на полициските работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/07, 110/11, 117/14, 14/17 и 49/17), во член 13-а зборовите „ или било присилно доведено" се бришат.

Член 2

Во член 53 став 1 по зборот „куче" се додаваат зборовите „без заштитна маска".

Член 3

Образецот број 4 се заменува со нов Образец број 4, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 13.1.1-87715/1
31 октомври 2018 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ** **Образец бр. 4**

______________________________________
(назив на организациска единица)
Бр.________________________
____________ 20 _____ година
__________________________

# П О К А Н А

Врз основа на член 279 став 2 од Законот за кривичната постапка, член 43 став 1 од Законот за полиција, а во врска со член 12 став 2 од Правилникот за начинот на вршење на полициските работи, се повикува

______________________________________________________________________
(име, презиме)

______________________________________________________________________
(адреса на живеалиште, односно престојувалиште)

да дојде на ден ______________________________ година, во ____________ часот во ______________________________________ на ул. ________________________ бр. ________,
(назив на организациска единица)
____________________ поради давање известување во врска со:
(место)

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
(се наведуваат причините за повикување)

Повиканото лице има право да земе бранител.

**МП** **ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИК**

______________________________

---

## ПОТВРДА ЗА ПРИЕМ НА ПОКАНА

Денес на ________ 20 ____ година јас ___________________________________________________
(име и презиме)
ја примив поканата број _____________ од _______ 20 _____ година со која се повикувам да се јавам на ден _______________ 20 ________ година во __________ часот во __________________________________.
(назив на организациска единица)

Поучен сум за правото да земам бранител.

**ДОСТАВИЛ** **ПРИМИЛ**

____________________ ____________________